Совет на Општина Делчево
Број 09-        /2
13.03.2023 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 21.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 13.03.2023 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 15:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Советот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 21.седница на Советот на Општина Делчево, го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 19.седница

1. Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;
2. Годишен извештај на Општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;
   Образлагач: По точките 1 и 2 – Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање со имотот на општината.
3. Предлог- Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходна година на подрачјето на општина Делчево;

Образлагач: Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, комунални дејности, сообраќај и заштита на животната средина.

4. Завршна сметка на Јавната локална библиотека „Илинден“-Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;
   Образлагач: Марина Димитровска-Книговодител на ЈЛБ „Илинден“-Делчево.
5. Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;
   Образлагач:Маре Бошначка-Одговорен сметководител на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.
6. Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2022 година со Заклучок за усвојување;
7. Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2022 година со Заклучок за усвојување;

   Образлагач: По точките 6 и 7-Катерина Величковска- Сметководител на ООУ „„Св.Климент Охридски“ и ООУ „Ванчо Прке“.

8. Завршна сметка на СОУ „Методи Митевски Брицо“ за 2022 година со Заклучок за усвојување;

   Образлагач: Катерина Величковска- Сметководител на ООУ „„Св.Климент Охридски“ и ООУ „Ванчо Прке“.
9. Предлог-Програма за одржување на јавна чистота во општина Делчево за 2023 година;

10. Предлог-Програма за управување со отпад во општина Делчево за 2023 година.
    Образлагач: Татјана Стојковска- Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура.
11. Предлог-Одлука за сопствено финансиско учество за проект „Регулација на коритото на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево низводно-фаза 2“;
12. Предлог-Одлука за одлободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување;
    Образлагач: Тони Стоименовски-Советник за локален економски развој
13. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Крум Николовски за печатење на монографија за с. Косово Дабје;
    Образлагач: Гоце Попов-Претседател на Совет на Општина Делчево.
14. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред и предложи точките 1 и 2 да се симнат од дневен ред бидејќи немало одржано седница на Комисијата за финансии и буџет а тое е потребно бидејќи станува збор за Завршна сметка и Годишен извештај.

Кирил Тренчевски рече дека како претседател на Комисијата за буџет не свикал седница на комисијата од оправдани причини. Образлагачот на точката е присутна и може сите прашања кои ќе ги постават советниците таа да ги одговори на самата седница, а некои и писмено.

Сашко Ивановски рече дека многупати се доставуваат пимени прашања но одговорите доцнат. Тој рече дека овие две точки треба да се одложат, да се свика и одржи Комисија и да се закаже седница на Совет само со тие две точки.

Кирил Тренчевски рече дека согласно законот Завршната сметка на Општината треба да се усвои на Совет најдоцна до 15 март. Што се однесува до тоа дека советниците од ВМРО ДПМНЕ имаат повеќе прашања во врска со точките 1 и 2, тој рече дека и покрај тоа што за Буџетот за 2023 година се одржала седница на Комисијата за буџет, сепак советниците не поставувале прашања.

Сашко Ивановски рече дека Буџетот е план, а Завршната сметка е реализација на планот-буџетот односно како се потрошени средствата на граѓаните и затоа имаат повеќе прашања. Доколку претходно се одржала седница на Комисијата тие ќе биле поставени и одговорени и сега немало да има потреба повторно на седницата да се поставуваат.

Процедурално реагираше Иван Гоцевски и рече дека Завршната сметка е вториот најважен документ што е во надлежност на Советот и законскиот рок е до 15 март. Тој имаше забелешка во врска со одговорите на прашањата кои ги доставуваат до раководителот на Секторот за финансии и стакна дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ доставува прашања навреме, но не се одговараат навреме од страна на раководителот на Секторот за финансии. На прашања поставено на 24.02.2023 година добил одговор 5 минути пред денешната седница (13.03.2023).

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече дека нема многу време за симнување на точките, па одржување на седница на комисијата, па седница на Совет бидејќи денес е 13 март, а законскиот рок е 15 март, но доколку советникот инсистира за симнување на тие две точки, тој ќе го стави неговиот предлог на гласање.

Иван Гоцевски побара точките 5,6 и 7 да се симант од дневен ред бидејќи материјалите кои се доставени до нив се пријави кои се доставуваат до Централен регистар, а не завршни сметки и не содржат податоци за планирани приходи и планирани

расходи и предложи истиот да се дополни со нова точка-Одлука за обезбедување на средства за санирање на кровот на спомен домот АСНОМ.

Претседателот на Советот рече дека предлогот за симнување на точките 5,6 и 7 не е во ред бидејќи за сите нив има доставено материјали, образлагачите се тука, а за предлогот за дополнување на дневниот ред, тој рече дека точката не е ставена бидејќи не е запазена постпаката пропишана со Деловникот, односно до него не е доставен одговорот од градоначалникот. Секоја иницијатива од член на Совет може да се разгледа на седница на Совет доколку до претседателот на Советот се доставени и Иницијативата и одговорот или Мислењето од градоначалникот. Истата ќе биде ставена на дневен ред ако се достави аккао што треба, рече тој.

Кирил Тренчевски рече дека треба да се прави разлика помеѓу Буџетот и Завршната сметка За секоја точка од дневниот ред си има образлагач, тука се, сите прашања ќе ви бидат одговорени.

Сашко Ивановски рече дека Кирил Тренчевски не треба да се јавува во улога на адвокат на општината или другите институции.

Иван Гоцевски исто така имаше забелешка во врска со член 26 од Деловникот според кој општинската администрација и органите на управување на јавните служби, установи и претпријатија основани од Општината, на членовите на Советот: им укажуваат стручна помош во изработувањето на предлозите што тие му ги поднесуваат на Советот, односно комисиите, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што им ги доверил Советот, односно работното тело; им обезбедуваат дополнителна документација која им е потребна за нивната работа; им даваат стручни објасненија и појаснувања за проблемите на кои тие работат и се грижат за обезбедување на технички услови за нивната работа. Тој истакна дека баш на таа тема разговарал и со секретарот, ама освен исклучоци, од страна на општинската администрација советниците немаат поддршка во нивната работа.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и на гласање беше ставен предлогот на Сашко Ивановски за симнување од дневен ред на точките 1 и 2.

Со 7 гласа „ЗА“ и 8 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево не го прифати предлогот.

На гласање беше ставен предложениот дневен ред.

Со 8 гласа „ЗА“, 6 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, дневниот ред беше усвоен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 19.седница.

За збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека во Записникот од 19.седница на страна 6 во дискусијата на раководителот на Секторот за финансии на прашањето поставено од него дали има привремени вработувања во детската градинка тој одговорил дека нема, имало порано, кое нешто не совпаѓа со податоците во завршната сметка.

Иван Гоцевски рече дека се случува да има несопвпагање на некои бројки/податоци во одговорите што тој ги добива на неговите советнички прашања и како пример го наведе прашањето за вкупниот број на запишани и отпишани ученици во двете основни училишта. Тој истакна дека од тие причини истото прашање го поставил по вторпат и добил одговор од страна на директорот на ООУ „Ванчо Прке“. Тој го праша координаторот на советничката група на СДСМ и коалицијата дали добил одговор на неговото советничко прашање кое го поставил до лицето задолжено за односи со јавноста на Општина Делчево.

Реагираше претседателот на Советот и рече сите советници да дискутираат по точките, а не надвор од нив, доколку некој се јави за збор за записникот, да дискутира или дава забелешки конкретно по записникот. На крајот на секоја седница има прашања и предлози и тогаше сите советници можат да поставуваат прашања и да даваат предлози, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по ЗАписникот беше затворена и истиот беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 19.седница.

Прва точка-Завршна сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година.

Образложение по точката поднесе Анка Христова која рече дека Завршната сметка е консолидирана сметка на сите планирани приходи и расходи и тоа во: основниот буџет, буџетот на наменски дотации, буџетот на донации, самофинансирачките активности и буџетот на заеми или кредити, распоредени во соодветни програми и потпрограми.Оваа сметка на предлог на Градоначалникот се донесува односно усвојува од страна на Советот на општината и истата се доставува до Министерството за финансии. Од вкупно планираните приходи и приливи во буџетот на општината во износ од 305.909.623 ден. наплатени се 278.329.343 ден.односно 91% во вкупниот буџет или ако го анализираме основниот буџет од вкупно планираните 100.563.000 денари наплатени се 85.592.060 или изразено во проценти 85%. Во групата 71 даночни приходи влегуваат:

- Данок од доход -2.969.407
- Даноци од имот – 16.941.907 во кои влегуваат:
- Данок на имот од физички лица 6.990.085 ден.
- Данок на наследство и подарок 1.864.941 ден.
- Данок на имот од правни лица 4.465.708 ден.
- Данок на промет на недвижности и права 3.621.067 ден.

Во групата даноци на специфични услуги 14.826.282 во кои влегуваат:Комунална такса за истакната фирма – 1.873.928, комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување 9.387.253, надоместок за уредување на градежно земјиште-2.094.201, комунална такса за користење на улици 1.300.360, комунална такса за користење на плоштади 135.350, комунална такса за привремен престој -4.800 и други комунални такси 11.200. Од такси за користење или дозволи за вршење на дејност 82.969, надоместок за добивање на лиценца 77.119, парични казни од комунални прекршоци 5.850.Во групата 72 неданочни приходи кои се наплатени 2.144.760 влегуваат: административни такси кои се плаќаат за списи-591.410 , други владини услуги, приходи од катастарски услуги 582.030 и останати неданочни приходи 971.320. Во врска со капиталните приходи таа истакна дека тие се наплатени во износ од 5.337.136 и во нив влегуваат: прихои од продажба на земјиште 2.182.872, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата 1.374.400, надоместок за концесиуи за експлоатација на минерални суровини 991.318, надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти 788.546, трансфери од други нивоа на власт 43.431.984.

Од вкупно планираните расходи 2022 година во износ 305.909.623 ден., реализирани се 277.832.988 91%, во основниот буџет од планирани 100.563.000 реализирани се 85.592.060 или 85%. Согласно економската класификација расходите се делат на тековно оперативни и капитални расходи. Платите, наемнините и надоместоците на вработените, во општината кои во основниот буџет се планирани во износ од 31.264.900 а се реализирани во износ од 30.048.434 ден. Истите зафаќаат 35%

од вкупно реализираните расходи во основниот буџет. Во рамките на буџетот на општината се планирани средства за непредвидени случаи како тековна буџетска резерва. Истите кај нас се планирани во износ од 50.000 ден. и нема реализација во 2022година.Износот на стоки и услуги планирани во општинскиот буџет е 27.500.300 ден. од кои се реализирани 22.649.651 ден.(82%).Од нив патни и дневни 567.581 ден.( 300.000 ден. во програма А0 се платени за екскурзија на наградените ученици-матуранти ), комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 7.714.825, материјали и ситен инвентар во износ од 2.573.295 ден. (канцелариски материјали, списанија и весници, прехранбени продукти и пијалоци, средства за одржување на хигиена и други материјали ), поправки и тековно одржување во износ од 2.882.464, ( поправки и сервисирање на лесни возила, на поправки и одржување на друга опрема, поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема, одржување на улици и патишта и одржување на зелени површини), договорни услуги во износ од 3.060.107 ден.(правни услуги, плаќање на судски такси, изработка на просторни и урбанистички планови, и други договорни услуги), други тековни расходи 3.050.199 ден. (членарини во домашни организации, расходи за репрезентација, објава на огласи и други оперативни расходи и привремени вработувања во износ од 2.801.180 денари.Во основниот буџет се планирани во вкупен износ од 600.000 ден. а се реализирани во износ од 202.000 денари, од нив (трансфери до здруженија на граѓани се реализирани во износ од 22.000 ден. и трансфери до спортски клубови реализирани се во износ од 180.000. Разни трансфери планирани во износ од 1.612.000 а реализирани во износ од 1.399.585 или 87%, (стипендии до студенти и ученици во износ од 348.500 плаќање по судски решенија 336.686, трансфери при пензионирање 114.872. и разни трансфери во износ од 599.527 денари.Социјални бенефиции планирани се во износ од 915.000 ден. а се реализирани во износ од 870.158 ден.од кои за новороденчиња 212.436 и еднократна помош во износ од 657.722 ден. Покрај тековно оперативните во основниот буџет се планирани и капитални расходи во износ од 35.079.800 ден. а се реализирани во износ од 26.882.863 ден. или изразено во проценти 76,6%, а во однос на вкупните расходи во основниот буџет процентот е 31,4%. Во 2022 година реализирани капитални расходи во износ од 26.882.863 ден.се:

480110 – купување на канцелариска опрема 38.000
480140 - информатичка и видео опрема – 112.489 ден.,
480160- опрема за греење и климатизација 89.500
482110 - Изготвување на проекти -1.295.767 денари
482120 - Изградба на улици и патишта – 4.704.894 денари
482130 - Реконструкција на улици и патишта -617.630, (- одземени 390.858)
482320 - набавка на цевки за канализација 38.021 ден.
482720 – изградба на капацитети за водоснабдување 2.497.918
482920 – изградба на други објекти 15.293.772
485420 – надомест за одземен имот 1.186.694
491190 - отплата на главница во износ од 3.465.250 денари

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека има 2 прашања до образлагачот и тоа колку е вкупната сума на средства прибрани по основ на улично осветлување за 2022 година и вкупната сума на средства прибрани по основ на комуналии?

Анка Христова-раководител на Одделението за финансии рече дека вкупната сума за улично осветлување е 9.387.253,00 денари, а за комуналии 2.094.201.

Тој побара писмен одговор на 2 прашања и тоа:

1.Да се достават податоци за приходите по основ на комунална такса од улично осветлување од 01.01.2022 до 13.03.2023 година, за секој месец поединечно;

2. Да се достават податоци за приходите по основ надомест за уредување на градежно земјиште од 01.01.2022 до 13.03.2023 година, за секој месец поединечно;

Потоа, тој рече дека на првата страна од текстуалниот дел на Завршната сметка во делот III Дефицит, се гледа дека Општината ја завршила 2022 година со дефицит од -4.523.779,00 денари (планиран -16.133.785,00 денари) и вкупен приход 286.309.838,00 денари, што јасно покажува во кој правец се движи Општина Делчево. И покрај лошата финансиска состојба и покрај реализираниот дефицит -4.523.779,00 и покрај милионските суми долг (кој е зголемен од 85.000.000 на 19.000.000) бројот на вработени во општина Делчево во однос на 2017 година е зголемен од 34 на 51 и постојано расте, со вработување на партиски кадри во општина Делчево. Ако се продолжи со ваквото лошо менаџирање на општина Делчево, неизбежно е прогласување на состојба на буџетски ризик и буџетска нестабилност, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Завршната сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година.

Втора точка-Годишен извештај на Општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач и по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање со имотот на општината која рече дека ги содржи истите податоци што ги има во Завршната сметка и за да не ги повторуба ќе се осврне само на обврските и побарувањата на општина Делчево.Вкупните побарувања од граѓаните и правните лица на општина Делчево по основ на данок на имот заклучно со 31.12.2022 година изнесуваат 11.995.015 денари, во кој износ е кумулиран ненаплатениот данок на имот од минати години. Побарувањата по основ на даноци на специфични услуги во кои спаѓаат надоместокот за уредување на градежно земјиште, надоместокот за легализација и други такси во 2022 година изнесуваат 3.870.315 денари и побарувањата по тој основ се зголемени во однос на 2021 година.Ненаплатените побарувања само по основ на комунална такса за истакната фирма со состојба на 31.12.2022 година изнесуваат 8.955.807 денари, во кој износ се кумулирани ненаплатените побарувања од минати години. Општина Делчево има ненамирени обврски према добавувачите во износ од 191.397.631 денари во кој износ влегува и пресметаната камата за утужените обврски.

Дел од нив, односно 182.895.182 денари се обврски по основ на главен долг по судски извршни решенија односно утужени обврски, заедно со пресметана камата.

Со состојба на 31.12.2022 година постојаните средства на општина Делчево по набавна вредност изнесуваат 654.829.265 додека сегашната вредност е 546.550.448 денари.

| | Набавна вредност | сегашна вредност |
|---|---|---|
| -Градежни објекти............................. | 621.007.251 ден. | 528.556.188 ден. |

-Опрема.................................................. 33.822.014 ден.           17.994.260 ден.

Досегашната набавна вредност на постојаните средства е зголемена за 84.494.954 ден. односно за изградба на повеќе локални патишта и улици во градот и околината. Поголем дел, 32 % од вредноста на градежните објекти припаѓа на брана ,,Лошана". Вредноста на основните средства – градежни објекти ги опфаќа и градежните објекти – домот на културата АСНОМ 6,7%,  40% за улици и патишта, локални патишта, пристапни патеки, додека  21,3% се за други објекти во кои влегуваат: стар објект на општината, паркот кај црквата, касарна, спортско игралиште кај ОУ „Ванчо Прке", тениско игралиште кај ОУ „Ванчо Прке" двојно тениско игралиште кај стадионот, детско одмаралиште „Голак", капела, пешачки мост, канализации во општината, гумена брана и др.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која ја праша А.Христова зошто од планираните 583.000 за такси за користење или дозволи за вршење на дејност се реализирани само 82.996 денари?

Анка Христова рече дека тое се средства/приходи кои се од издавање лиценци за диско и  ноќен бар, имало најава дека повеќе фирми ќе извадат таква лиценца, но до 31.12.2022 година не поднеле барање за издавање на лиценца и затоа се само 82.996 денари.

Иван Гоцевски  истакна дека од извештајот може да се види дека  со состојба на 31.12.2022 година постојаните средства на општина Делчево по набавна вредност изнесуваат 654.829.265 додека сегашната вредност е 546.550.448 денари и тоа е заради амортизацијата. Тој истакна дека од тие причини, за да не дојде до намалување на вредноста и на Спомен домот АСНОМ,  тие како советничка група поднеле барање за обезбедување на средства за санација на Спомен домот АСНОМ, но по истото барање се уште не е постапено.

Претседателот на Советот истакна дека ова барање не е ставено на дневен ред на седница на Совет бидејќи до него како претседател на Совет не е поднесено согласно процедурата/постапката предвидена во Деловникот, односно го нема одговорот или мислењето од градоначалникот.

Сашко Ивановски рече дека пред 3 години на седница на Совет имало одлука за отпис на побарување по основ на комунална такса за истакната фирма (фирмарина) и тогаш дел од советниците дискутирале дека општинската администрација за време на мандатот на претходниот градоначалник, не си ја вршела работата како што треба. Во овој извештај исто така има податок  дека ненаплатените побарувања само по основ на комунална такса за истакната фирма со состојба на 31.12.2022 година изнесуваат 8.955.807 денари, во кој износ се кумулирани ненаплатените побарувања од минати години и апелираше да се преземат мерки од страна на градоначалникоти општинската администрација да бидат наплатени тие побарувања.  Од извештајот се гледа дека Општина Делчево има ненамирени обврски према добавувачите во износ од 191.397.631 денари во кој износ влегува и пресметаната камата за утужените обврски.

Раководителката на Одделението за финансии и буџет рече дека  одлука за отпис на побарувања донесува Советот на Општината, а дали некоја фирма е ликвидирана или не, Општината нема податоци, такви податоци има Централниот регистар

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај на Општина Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување.

**Трета точка-Предлог- Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходна година на подрачјето на општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, комунални дејности, сообраќај и заштита на животната срединаж кој рече дека оваа одлука се донесува секоја година и со неа се определуваат зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на О пштина Делчево. Одлуката е иста како ланската, нема промена во цените, доколку имате прашања, повелете рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката, за збор се јави Оливера Ташевска која праша дали во иднина се планира зголемување или намалување на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште и кои се причините за тоа?

Иван Гоцевски рече дека во член 6 од оваа одлука стои дека согласно член 12 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот за пазарна вредност на градежно земјиште во населените места во Општина Делчево се утврдува за с.Габрово и с.Звегор 300 денари за м2 , за с.Тработивише 180 денари за м2, за с.Вирче ,с.Град и с.Стамер 150 денари за м2 ,за с.Разловци и с.Очипала 100 денари за м2 и праша зошто има толкава разлика? Тој рече дека с.Очипала и с. Тработивиште се поблиску до Делчево, а с.Разловци е најоддалечено, нема логика да има толкава разлика во цената.

Звонко Атанасов рече дека при утврдувањето на пазараната вредност на градежното земјиште се земаат предвид повеќе фактори меѓу кои се и микролокацијата и макролокацијата, односно дали во селото има водоводна и канализациска линија, дали има патна инфраструктура. Доколку градежното земјиште се наоѓа во подрачје каде нема донесено Детален урбанистички план а се наоѓа во Генерален урбанистички план на град Делчево вредноста се намалува од 40% до 70% во зависност од близината на деталниот урбанистички план ,близината на населеното место, поврзаност со инфраструктура и големината на површината. Тој рече дека во врска со прашањето на Иван Гоцевски, правено е анализа, с. Очипала иако е близу до Делчево, тоа е село од разбиен тип, нема канализација и сл.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и одлуката беше стравена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходна година на подрачјето на општина Делчево.

**Четврта точка-Завршна сметка на Јавната локална библиотека „Илинден“-Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Марина Димитровска-Книговодител на ЈЛБ „Илинден"Делчево која рече дека библиотеката работи со две сметки и тоа сметка за сопствени приходи и сметка за наменска дотација. Таа истакна дека претходната 2022 година во првите шест месеци библиотеката имала многу малку финансиски средства одобрени од страна на Министерството за култура и поради тоа месечно имавме за трошење за сите оперативни и материјални трошоци во износ од 26.000,00 денари (кои не ја покривале ни фактурата за струја) и поради таа причина во првите шест месеци поголем дел од трошоците биле покривани од сметката од сопствени приходи. Сопствени приходи сметка на која се средствата од членарините од читателите во библиотеката.Во 2022 год.на оваа сметка има приход од 242.350,00 ден од кои 144.850 ден се од членства и 97.500,00 ден се пренесени од претходната година. Расходите се во висина од 241.728,00 денари се потрошени за комуналии и греење 49.896,00 ден.за ел.енергија, за договорни услуги во висина од 72.375,00 денари, тоа се трошоци за здравствени услуги систематски преглед на вработените во висина од 4.800 ден,1.680 ден банкарска провизија за внесување на парите на сметка на библиотеката, 20.000 ден трошоци за печатење на книгата Паметници за Царево село и други договорни услуги 45.895 ден.по основ на одржување на ВЕБ страната на библиотеката, потоа трошоците за исплата на членовите на Управниот одбор на библиотеката,трошоците за снимање и објавување на активностите на библиотеката.-овие трошоци беа подмирувани до септември месец од оваа сметка.За други оперативни расходи 9.812 ден-за завршна сметка,камати по основ на придонеси за задоцнета исплата на плата,и тука е платена една фактура за купување на подароци.

Вложувања во нефинансиски средства 109.645 ден. Купување на книги во првите 6 месеци од 2022год.(потоа издавачките куќи не чекаа за плаќање на фактурите додека не ни беше одобрен ребалансот на буџетот со новите фин.средства.кои биле одобрени. Во врска со наменска дотација сметка која работи со буџет одобрен од Министерството за култура–во 2022 год имала буџет во висина од 6.310.801 ден.кои биле одобрени од Министерството за култура двапати и тоа првиот дел во висина од 4.902.801 ден и вториот дел од буџетот одобрен во август 2022 со ребалансот на буџетот во висина од. 1.408.000 денари биле искористени од септември месец по ребалансот на буџетот.На овој буџет од 6.310.801 денари биле додадени и средствата кои останале од претходната година (додавањето на овие средства беше во мај 2022 година) во висина од 28.699 денари така што ЈЛБ „Илинден" имала вкупен буџет во висина од 6.339.500 ден за 2022 год. Од овие финансии биле искористени 6.314.199 ден.Од вкупниот буџет од 6.339.500 денари останале неискористени средства во висина од 25.301 ден.(тие се од средствата планирани за плата).

Во 2022 год на сметката Наменска дотација биле потрошени 6.314.199 ден.кои се распоредени на следниот начин: по основ на плати за вработени се потрошени 5.122.176,00 ден.(што значи дека за покривање на останатите трошоци за тековно работење остануваaат 1.193.023 ден. Кои биле распоредени по основ на трошоци на следниот начин;по основ на стоки и услуги вкупно 798.075 ден.(од кои за патни трошоци 5.000,ком.услуги-струја,вода ,тел,426.183ден-од овие трошоци најмногу отпаѓаат на ел,енергија 369.888ден.(од кои 120.000ден биле авансно платени на ЕВН во Декември месец 2022 год се со цел да не дојдеме пак во ситуација за пред исклучување на ел.енергија и со оваа уплата според искуството од висината на фактурите од претходните години наше предвидување е дека ел.енергија ни е платена заклушно со месец Април оваа година),за вода 14.020,00 ден,за тел.30.975,00( околу 2.300 ден.тел и интернет и

овде уплативме еден месец однапред),транспорт на луѓе 11.300,00 ден-одење во трезор Кочани,во клон М.Каменица и клон с.Разловци,и превоз до Струга на натпревар Млади библиотекари.Материјали и ситен инвентар 184.951 ден-канц.материјали 93.692 ден(12.000 ден претплата),за списанија и весници 43.790,оо ден.(дневните весници и претплата за добивање на стручни списанија,за с-ва за хигиена 45.469 ден,и овде имаме набавено со последната набавка средства за хигиена за првите 4 месеци оваа година,др.материјали 2.000 ден,Поправки и тековно одржување 55.586,00 ден-од кои за софтверско одржување 26.455,00 ден(одржување на програмата за сметководство и благајна,за фискалната,за хостингот за ВЕБ страната) и поправки и одржување на друга опрема 29.141,00 ден.(ПП апарати сервисирање,промена на сијалици во ходник и замена со плафоњерки,покривање на сите кабли со пластични канали,замена на две брави и др.ситни одржувања на средствата кои ги имаме и користиме,поставување и монтажа на двете инвертер клими),Договорни услуги-64.639 ден- од кои за услуги за печатење и копирање 4.970 ден сликите во ходникот по скалите и за други договорни услуги 59.669-исплата на членови на управен одбор,плаќање на лице за одржување на веб страната-платено до Март 2023 год.и за снимање на активностите е платено за првите 4 месеци од 2023 г,за поправка на старите клими,плаќање на рецезентот за издавање на книгата која ја издаде библиотеката и Други тековни расходи 61.716,00 ден -од кои,за членарини во здруженија 2.000,00 ден и на други оперативни расходи 59.716,00 ден.плаќање на Централен регистар за завршна пресметка. купување на цвеќиња за подароци,ситни потреби за библиотеката,купување на работи за подароци во градинките –Делчево ( за Нова година и за детската недела),за дневниот центар-за денот на хендикепираните лица,подароци за литературните конкурси,подароци за авторите на книгата која ја издаде библиотеката на итн.

Капитални расходи потрошени 393.948,00 ден.кои се состојат од купувања на опрема и машини вкупно 132.948,00 ден 71.000,ден за рафтовите за книги во читалната и детското катче,канцелариски мебел 10.000,00 ден,опрема за греење односно две инвертер клими со вкупна вредност од 49.998 ден.,плинска боца од 3л. Од 1950 ден и тепих во детското катче од 3.900 ден и правосмукалка од

Набавката на книги во библиотеката и се набавени книги во висина од 261.000,00 денари.

На крајот таа истакна дека библиотеката во текот на 2022 година има потрошено вкупно 6.555.327 ден од кои 5.122.176 се потрошени за плати,132.948 ден во набавка на опрема, набавени се книги во вредност од 370.645 денари и остатокот од средствата 930.158 ден се потрошени за тековна работа односно за сите оперативни и материјлни трошоци кои се неопходни за тековно работење истакнувајќи дека со овие средства се покриени и дел од трошоците за 2023 год до месец април.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Стефанија Атанасова Јовановски која праша дали во библиотеката има привремени вработувања и колку се?

Марина Димитровска рече дека во библиотеката има само 1 лице ангажирано преку Агенција за привремени вработувања за потребите на Општина Делчево и Општина Делчево обезбедува средства за исплата на плата.

Оливера Ташевска праша зошто нема ништо вложено во објектот во с. Разловци?

Марина Димитровска рече дека објектот во с.Разловци каде што се наоѓа клонот на библиотеката е во сопственост на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, а не на библиотеката.

Ели Ризова Ангеловска праша колку изнесуваат приходите од члеанарина и колку изнесуваат средствата со кој се набавени книги?

Марина Димитровска рече дека по основ на членарина се прибрани приходи во износ 144.850,00 денари, а за набавка на книги с епотрошени 370.645,00 денари.

Иван Гоцевски праша зошто библиотеката набавува книги без јавна набавка и праша зошто кога библиотеката работи добро лицето кое е ангажирано во библиотеката го финансира Општина Делчево?

Марина Димитровска рече дека сите локални библиотеки во државата набавуваат книги со договори со издавачките куќи, а не со јавна набавка. Во врска со второто прашање, таа рече дека библиотеката за вработувања треба да има согласност од Министерството за култура, многу пати барале, но не добиле согласност.

Сунчица Ѓорѓиева упати пофални зборови за работата на ЈЛБ „Илинден" и рече дека да продолжат со добрата работа и во иднина.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправа по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА" и 6 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на Јавната локална библиотека „Илинден"-Делчево за 2022 година.

<u>Петта точка-Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување</u>;

Образлагач по оваа точка беше Маре Бошначка-Одговорен сметководител на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево рече дека детската градинка работи со 3 сметки и тоа: наменска, сопствена и донаторска сметка.

На сметката за наменска дотација се прибрани средства во износ од 21.135.875 од кои за основни плати се потрошени 12.771.971, за комунални услуги 963.289 за ситен инвентар, алат и др.1.108.123, за поправки и тековно одржување 299.674, за договорни услуги 952.840, за други тековни расходи 75.731 денари.

На сметката за сопствени приходи се прибрани 11.797.882 од кои приходи 5.744.429 се останати приходи од 2021 година и 6.053.453 се приходи од 2022 година. Во текот на 2022 се потрошени 5.615.317 за следните намени за комунални услуги 1.720.920 за ситен инвентар 2.291.627, поправки и тековно одржување 54.140, договорни услуги 1.271.967,, други тековни расходи (426) 188.478, други тековни расходи (464) 63.738, купување на опрема и машини 24.447 или вкупно расходи 5.615.317.

На донаторската сметка во 2022 година не се остварени приходи, а пренесени приходи од 2021 се 536.778 и истите се потрошени во 2022 и тоа за комунални услуги, греење и транспорт 400.000 и за ситен инвентар 136.778.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска и праша дали во плати и придонеси спаѓаат и вработените преку Агенцијата за привремени вработувања или само оние на неопределно време?

Маре Бошначка рече дека во плати и придонеси спаѓаат само платите на вработените на неопределено работно време за чии плати се обезбедуваат средства од МТСП.

Оливера Ташевска праша дали за детската градинка во с. Разловци биле побарани средства за вработувања и дали Министерството за труд и социјална политика е известено/информирано дека градинката не работи?

Маре Бошначка рече дека секој месец од 1 до 5 се доставуваат побарувања за

средства од Министерството за труд и социјална политика за вработувања и секако дека тоа е известено за состојбата со детската градинка во с. Разловци, односно се доставуваат дневни извештаи.

Оливера Ташевска праша каква била реакцијата на МТСП дали документот – завршна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови" е завршна сметка или Изјава што се поднесува до Централниот регистар?

Реагираше претседателот на Советот,Гоце Попов кој рече дека на дневен ред е Завршната сметка на детската градинка и треба да се дискутира и да се поставуваат прашања поврзани со точката.

Маре Бошначка рече дека до Централниот регистар се поднесуваат посебни обрасци за завршната сметка, а на совет се поднесува еден вид извештај кој ги содржи сите идентични податоци од завршната сметка.

Сашко Ивановски праша дали во 2022 година во детската градинка имало ангажирано лице преку Агенцијата за привремени вработувања кое било плаќано од Општина Делчево?

Маре Бошначка рече дека во 2022 година имало ангажирано едно лице преку АПВ кое било ангажирано од Општина Делчево.

Иван Гоцевски имаше сугестија до книговодителот во врска со вишокот на средства (над 1 милион) кои се префрлаат од година во година, да се трошат наменски, а не да се пре

Оливера Ташевска имаше сугестија

Кире

Со 8 гласа „ЗА и 7 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за 2022 година.

**Шеста точка-Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски" за 2022 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше -Катерина Величковска- Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево која рече дека училиштето во 2022 година работело со 2 сметки :наменска дотација и сметка за сопдтвени приходи. Во сметката за наменска дотација се финансираат трошоците за плата, тековно одржување, одржување на објекти и опрема и превоз на ученици. Вкупните остварени приходи се 58.456.139 денари. За плати 38.740.343, за придонесеи 15.065.653, патни и дневни 15.940,00, за комунални услуги 2.507.694, за материјали и ситен инвентар 289.305, за поправкавки и тековно одржување 146.542, за договорни услуги 835.995, други тековни расходи 219.621, трансфери при пензионирање 186.748, купување на училишен мебел 448.398.

На сметката за сопствени приходи се остварени вкупни приходи од 107.602.00 денари, од свидетелства и дипломи 2.800 и др.приходи од 53.309, приходи од осигурување 49.900, приход од претходна година 7.700.

Расходите за 2022 на оваа сметка се 75.269 и тоа:други материјали 7.499, осигурување на вработени и ученици 50.500, други договорни услуги 3.870 и други оперативни расходи 13.400.Вишокот на приходи за пренос во 2023 е 32.333, а оданочената добивка е 3.233 денари.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Оливера Ташевска која ја праша образлагачот далли доставените материјали се сметка односно Пријавата што се доставува до Централниот регистар?

Катерина Величковска рече дека до Централниот регистар се поднесуваат посебни обрасци, ова што се доставува до Советот е со идентични податоци од обрасците кои се

доставуваат до Централен регистар.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево .

**Седма точка-Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2022 година со Заклучок за усвојување;**

И оваа точка ја образложи-Катерина Величковска- Сметководител на ООУ „Ванчо Прке“ која рече дека училиштето во 2022 година работело со 2 сметки :наменска дотација и сметка за сопствени приходи. Во сметката за наменска дотација се финансираат трошоците за плата, тековно одржување, одржување на објекти и опрема и превоз на ученици. Вкупните остварени приходи се 41.128.861,00 денари. За плати 26.134.027 за придонеси 10,163.169, за комунални услуги 2.142.541,за материјали и ситен инвентар 353.325, за поправка и тековно одржување 126.088, за договорни услуги 1.362.984, други тековни расходи 135.218, други трансфери 459.996, купување на друга опрема 61.408, реконструкција на објекти 167.786 и вложување во нефинсиски средства 4.319

На сметката за сопствени приходи се остварени вкупни приходи од 904.214 денари, од приходи од кујна 3.349, од свидетелства 3.000 и приходи од осигурување на недвижнини 769.738, приходи од претходна година 67.352, приходи од спортска сала 48.275, други приходи 12.600. Расходите за 2022 на оваа сметка се 790.121 и тоа: патувања во земјата 7.027, правни услуги 7.800, други договорни услуги 5.556, реконструкција на други објекти 769.738. Вишок на приходи пренесен за 2023 година 114.093. Оданочена добивка за деловната година 14.409 денари.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Иван Гоцевски кој праша кој ги распределува средствата од наменската дотацијата?

Катерина Величковска истакна дека распределбата на наменската дотација ја прави Владата на РСМ, има посебна Уредба и методологија со услови и критериуми.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, против-нема, 5 „ВОЗДРЖАНИ“ и два члена на Советот не гласале, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2022 година.

**Осма точка-Завршна сметка на СОУ „Методи Митевски Брицо“ за 2022 година со Заклучок за усвојување**;

И оваа точка ја образложи -Катерина Величковска- Сметководител на СОУ „М.М.Брицо“ која рече дека училиштето во 2022 година работело со 3 сметки :наменска дотација, сметка за сопствени приходи и донациска сметка. Во сметката за наменска дотација се финансираат трошоците за плата, тековно одржување, одржување на објекти и опрема и превоз на ученици. Вкупните остварени приходи се 40.291.015,00 денари. За плати 20.644.845 за придонеси 8.028.598, патни и дневни 47.640,00, за комунални услуги 2.606.215, за материјали и ситен инвентар 512.109, за поправка и тековно одржување 184.978, за договорни услуги 2.320.551, други тековни расходи 244.408, разни трансфери 430.422, купување опрема и машини 1.711.394,00, реконструкција на објекти 3.483.242 и вложување во нефинсиски средства 54.545 денари.

На сметката за сопствени приходи се остварени вкупни приходи од 425.299,00 денари, од претходна година се префрлени 86.700 од испити 107.450, од дипломи 16.200

, од свидетелств 13.950 од дипломи 18.000 и др. Образовни приходи од 17.935, приходи од матура 12.300, приходи од спортска сала 70.900Расходите за 2021 на оваа сметка се 253.657 и тоа: , материјали и ситен инвентар 12.866, комунални услуги 65.126.00, договорни услуги услуги 108.073, други тековни расходи 67.592. Остварен вишок на приходи за пренос 140.801. Оданочена добивка за деловната година 14.080.

Расходите се потрошени за патни и дневни 9.000 денари,за комунални услуги 82.360 денари, материјали и ситен инвентар 48.125, договорни услуги 126.540, други тековни расходи 18.629.

На сметката за донација (785) се финансират трошоците за пероектот Чекор по чекор за префесионален развој преку програмата ЕРАЗМУС +. Вкупните приходи на оваа сметка се 1.604.687 денари. За разни трансфери се потрошени 1.604.687 денари, остварен вишок на приходи е 362 денари.

Претседателот отвори расправа.

Марјанчо Велиновски праша колку приходи се прибрани по основ на користење на спортска сала,бидејќи на советничко прашање од страна на директорката е одговорено дека од страна на спортските клубови има некоректно плаќање.

**Катерина Величковска рече дека ќе одговори писмено.**

Иван Гоцевски побара одговор за расходите на 424210 во износ од 116.185,00 денари и на сметката 787 расходи.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА и 7 „ВОЗДРЖАНИ„, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршна сметка на СОУ „Методи Митевски Брицо“ за 2022 година.

**Деветта точка-Предлог-Програма за одржување на јавна чистота во општина Делчево за 2023 година;**

Оваа точка ја образложи Татјана Стојковска Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура која рече дека со Програмата се предвидени работи за одржување на јавната чистота од следните јавни површини: улици, тротоари, плоштади, кејови, мостови, паркинг простори, пазаришен простор, пешачки патеки, парковски површини и градско зеленило и други уредени отворени простори.

Во одржувањето на јавната чистота ќе се извршуваат следните работи:

-Метење на улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други јавни површини,

-Миење на улиците и јавните површини,

-Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосверски наноси,

-Чистење на снегот и мразот во зимски услови од тротоарите и јавните паркинг простори,

-Вонредно чистење во случај на елементарни непогоди и отстранување на штети од истите.

Метењето на улиците и другите јавни површини (тротоари, пешачки патеки, паркинг простори) во централното градско подрачје, каде јавнитре површини се со густа фреквенција на движење ќе се врши секој работен ден во неделата освен во зимски услови кога има поголема количина на снег и мразпо тротоарите и пешачките патеки.

Во зависност од временскиот период во годината метењето на улиците ќе се врши:

- Од 06.00-14.00 часот во периодот од 01.04 до 31.10 (летен период)
- Од 07.00-15.00 часот во период од 01.11 до 31.03 (зимски период)

Собирање на отпадоци од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосверски наноси (песок, камен, кал, лисја и сл. По поројни дождови) се врши секој работен ден во годината.Во зимски услови кога улиците се прекриени со снег и е оневозможено редовното метење на улиците и јавните површини опфатени со оваа Програма ЈПКД ,,Брегалница,, Делчево ќе врши чистење на снегот од тротоарите и нивно посипување со сол и песок во централното градско подрачје како и кај детските установи, пешачки премини, мостовите, паркиралиштата и сите други прометни јавни површини во градот.

Чистењето на снегот пред објектите (пристапот до самиот објект) е обврска на самите корисници и сопственици на објектите.

На крајот од е даден преглед на потребни финансиски средства за спроведување на оваа програма.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за одржување на јавна чистота во општина Делчево за 2023 година.

**Десетта точка-Предлог-Програма за управување со отпад во општина Делчево за 2023 година.**

Образлагач и по оваа точка беше Татјана Стојковска- Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура која рече дека Програмата е изработена согласно барањата на Законот за управување со отпадот, во согласност со Стратегијата за управување со отпад (2008-2020), Националниот план за управување со отпад (2020-2030) и Планот за управување со отпад на Општина Делчево( 2019-2023). Истата се прави заради системски пристап кон заштитата на животната средина, намалување на стакленички гасови, намалување на количина на отпад, диви депонии и сл. Врз основа на извршени теренски истражувања, барања на граѓаните и извештаи утврдено е дека во Делчево недостасува системски пристап кон решавање на проблемот со отпад со вклучување на сите релевантни институции со подеднакво учество на мажи/жени во донесување на одлуките и одредување на приоритетите.Од мапирање на проблемите утврдено е дека најголем проблем се дивите депонии, нестандардизирана депонија, неселективно управување со отпадот и др. Изготвувањето на Програмата за управување со отпад има приоритетна цел - Заштита на животната средина преку системско управување со отпад. Постојниот начин на депонирање на отпадот не ги задоволува елементарните стандарди за основно депонирање. Самата депонија исто така не ги задоволува основните стандарди за ваков вид на депонии. Поради тоа една од примарните акции за 2023година е создавање на основни услови за соодветно управување на депонијата, а тоа е преку регионален пристап во управувањето со отпад. Изработен е и потврден документот за регионално управување со отпад и истиот е усвоен од страна на МОЕПП. Таа истакна дека согласно Стратегијата за регионално управување со отпад општина се приклучи кон спроведување на мерките и активностите на истата. Регионалниот пристап во решавање на управувањето со отпадот, според НПУО е единствен начин за создавање на одржлив систем за управување со отпадот. Дефинираните приоритети на државно ниво од аспект на заштита на животната средина се решавање на управувањето со комуналниот цврст отпад и решавање на проблемот со нетретирање на отпадните комунални води. Како прв чекор за реализацијата на оваа

стратешка цел беше изработката на физибилити студија за регионално управување со отпад за Источниот плански регион.

Во согласност со Националниот план за управување со отпад и неговите зацртани цели, во текот на 2014 година еден многу значаен документ- Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион беше одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање , а потоа во 2015 година истиот беше усвоен од страна на советите на сите општини во Источниот плански регион и Општина Свети Николе која што е приклучена кон овој регион за прашањата на регионално управување со отпад.

Според целите и насоките на Регионалниот план, во моментот се спроведуваат два многу значајни проекти, а уште неколку се планирани за натамошниот период. Сите овие проекти финансирани се од страна на Европската Унија, со грантови односно неповратни средства во висина од 85% од буџетите на проектите и 15% од буџетот на Републиката.

Во согласност со насоките од Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион, се спроведуваат два проекти:

1. Ннабавка на опрема за собирање и транспортирање на отпад во Источниот и Североисточниот регион и
2. Подготовка на техничка и тендерска документација за затворање на несоодветни депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион.

Затворањето на депониите ќе се изведува во 2 фази:

Прва фаза: Расчистување на дивите депонии (вкупно 102 диви депонии во двата региони) и затворање на помалите општински депонии и депониите кои претставуваат висок ризик кон животната средина и

Парцијално затворање на останатите депонии, кои би останале оперативни и би ги прифаќале и количините на отпад од општините чии што депонии би биле веднаш затворени.

Втора фаза: Комплетно затворање на постоечките депонии, откако ќе се отворат регионалните центри за управување со отпад. Стратегиска цел бр.3 е Санација на пристапниот пат до депонијата.Со цел да се намали неконтролирано исфрлање на отпад и создавање на диви депонии потребно е да се пристапи кон порамнување на пристапниот пат кој води до депонија ,,Острец,, кој се јавува како една од важечките причини заради недепонирање на отпадот од страна на физички лица на горeспоменатата депонија , а коко последица на што се јавуваат помали и помногубројни диви депонии.Стратегиска цел бр.4 е финансирањето на различните мерки и активности (инструменти) предвидени со Програмата се реализира преку повеќе извори и тоа:Буџет на Општина Делчево, Буџет на РСМ и Меѓународни финансиски институции (Светска банка, и сл.);

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која рече дека над манастирскиот комплекс многу често се прават диви депонии кои се чистат од страна на ЈКП и граѓаните и праша дали тоа земјиште таму е во приватна сопственост или на државата и дали може да се прогласи за заштитено подрачје?

Татјана Стојковска рече дека дивите депонии на посочената локација најчесто се од жителите на наслебата Расадник, но има и од други места од каде несовесните граѓани го исфрлаат својот отпад. За прогласување на заштитени подрачја има посебни законски

прописи и тоа е доста обемна и сложена постапка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за управување со отпад во општина Делчево за 2023 година.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за сопствено финансиско учество за проект „Регулација на коритото на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево низводно-фаза 2“;**

Оваа точка ја образложи Тони Стоименовски кој истакна дека со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот Регулација на коритото на река Брегалница во Централното градско подрачје на град Делчево низводно фаза .Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 21.511.636 денари. За реализација на проектот ќе се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 30% односно 6.453.491.00 денари со вклучен ддв.Средствата потребни за реализација на проектот ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година преку Цнтарот за развој на Источен плнски регион.

Претседателот отвори расправа по оваа точка

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за сопствено финансиско учество за проект „Регулација на коритото на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево низводно-фаза 2“;

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за одлободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување;**

Образлагач и по оваа точка бешеТони Стоименовски-Советник за локален економски развој кој истакна дека на претходни две седници биле донесени 2 одлуки за улично осветлување, од кои едната е за задолжување, а другата била за ослободување од плаќање на такса за улично осветлување. Поради многу реакции од граѓани кои поднесуваа барања за ослободување од комунална таска за улично осветлување, во координација со Комисијата за комунални работи и сообраќај, изготвена е денешната одлука која е проширена со други населени места. Повелете со прашања, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ го поздравува носењето на оваа одлука и смета дека во неа требало да биде вметнат и член 3 од нивниот предлог поднесен до Архива на 03.03.2023 година кој гласи:„ Објектите за колективно домување да се одлободат од плаќање на комунална такса за улично осветлување поради тоа што во истите со оваа такса веќе се задолжени станарите/домаќинствата„. Во врска со овој предлог тој добил одговор од општина Делчево во смисла дека предлогот е сротивен на законот и нема да се разгледува.

Според него, оваа категорија на граѓани треба да биде ослободена од плаќање на комунална такса за улично осветлување.

Кирил Тренчевски рече дека и советниците од СДСМ и коалицијата ја поздравуваат оваа одлука, а што се однесува до предлогот на Иван Гоцевски тој рече дека не е во ред бидејќи куќните совети или советите на станарите се правни субјекти и не се непрофитни.

Реплика имаше Иван Гоцевски и рече дека тие како советници имаат право да даваат предлози во интерес на граѓаните и ги цитираше член 6 од Законот за комунални такси ставовите 2 и 3 кои се онесуваат на ослободување од плаќање на комунална такса за улично осветлување и определувањето на пасивни населени места кои се определуваат со одлука на совет.

Зекир Абдулов рече дека не е сигурен, но смета дека советите на станарите се опфатени со новиот Закон за здруженија и фондации и спред тоа не се ослободени од многу давачки. Според него не е во ред некој да плаќа по 2 сметки за улично осветлување, а некој само 1 и дека граѓаните кои живеат во колективни станбени згради се онеправдани во однос на граѓаните кои живеат во индивидуални станбени згради.

Претседателот на Советот рече дека одлуката е во ред и со неа се опфатени поголема категорија на луѓе кои се ослободуваат од плаќање на комунална такса за улично осветлување во населените места каде нема улично осветлување. Онаму каде што има поставено улично осветлување се плаќа, нема ослободување.Во врска со тоа дали едно семејство плаќа 1 или повеќе такси за такса за улично осветлување, тој рече дека законот во тој дел е јасен: под корисник на јавно осветлување се подразбира секој имател на електрично броило од категорија „домаќинство" и секој имател на броило „останата потрошувачка". Ако некој има 2 или 3 броила, ќе плаќа 2 или 3 такси за улично осветлување бидејќи така е пропишано во законот, рече тој.

Кирил Тренчевски рече дека советот на станари или куќните совети се правни субјекти, а не непрофитни организации и дека тоа не е став на советниците од СДСМ туку тоа е став и на министрите од ВМРО ДПМНЕ, поточно на поранешниот министер за транспорт и врски Миле Јанакиески во врска со носењето на измените и дополнувањата на Законот за домување при што беше прочитан дел од неговата изјава.

Тој рече дека секој имател на броило кој живее во колективна станбена зграда е задолжен со 1 такса за улично осветлување од 185 денари и сите станари плаќаат уште една за заедничките простории од 360 денари, што значи не плаќаат по 2 такси за улично осветлување.

Иван Гоцевски рече дека ова е Совет на Општината и сите се членови на Советот-советници и тука пред се треба да се почитуваат законите, а не да се кажува што кажал некој некогаш.Конкретно во законот стои дека заеницата на станари или заедницата на сопственици е непрофитна организација и затоа ние бараме заедницата на сопственици нод колективните станбени згради да бидат ослободени од комунална такса за улично осветлување, рече тој.

Зекир Абдулов рече дека тој како советник има обврска кон граѓаните и е должен да ги пренесува нивните ставови и затоа го иницирал ова прашање. Според него станарите во колективните станбени згради се онеправдани во однос на другите граѓани бидејќи плаќаат поголема такса за улично осветлување.

Претседателот на Советот Гоце Попов рече дека одлуката што е на дневен ред е за поздравување и треба да се донесе. Што се однесува за колективните станбени згради, тој потенцираше дека во иднина има простор да се разговара и да се види доколку има

шанси и доколку законот дозволува, да се најде некое решение, односно да се направи измена на одлуката.

Оливера Ташевска рече дека треба да се размисли и луѓето кои немаат постојано место на живеење во Делчево да се ослободат од плаќање на комунална такса бидејќи поголем дел од годината не се тука.

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече дека дали се тука или не нема врска. Со комунална такса за улично осветлување се задолжува секој имател на електрично броило доколку на адресата каде живее или има објект има мрежа на улично осветлување.

Дејан Георгиевски рече дека без потреба се одолговлекува дискусијата, има точка-одлука која е на дневен ред, пред тоа имало седница на Комисијата за комунални работи и сообраќај, на самата седница имало разни предлози и дискусии и се изготвил еден текст на одлука кој бил прифатен од сите. Сега на седницата, повтрно предлози од кои некои и не се во согласност со законот.

Марио Скакарски-претседател на Комисијата за комунални работи и сообраќај рече дека во петокот кога била одржана седница на Комисијата се дискутирало многу и се давал разни предлози и дека бил утврден текст на одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за улично осветлување и која опфаќа поголема категорија на луѓе кои досега биле задолжувани со оваа такса. По завршувањето на седницата на Комисијата биле и на средба со претставници на ЕВН и било договорено луѓето кои се од тие населени места или имаат објекти во тие населени места да бидат ослободени од такса за улично осветлување. Одлуката е добра и треба да биде донесена, рече тој.

Сашко Ивановски рече дека дали една одлука е добра или не, не треба да кажуваат советниците, ќе покаже времето. Според него има и такви луѓе кои велат дека ќе поднесуваат тужби до Општина Делчево и затоа предложи да се види како е во другите општини и да се остави простор за прифаќање и на нивните предлози. Во самата одлука не е ставен член во кој се предвидува рефундирање на веќе уплатените средства на луѓето за улично осветлување кои сега се опфатени со оваа одлука, а ЕВН веќе има фактурирано, рече С.Ивановски.

Претседателот на Советот,Гоце Попов рече дека оваа одлука мора да се донесе сега за да бидат ослободени луѓето од комунална такса во овие населеени мсета каде нема улично осветлување и не треба да има одлагање. Дали , кога и кои други ќе бидат ослободени, ќе се разговара во иднина ако има простор, ако законски е дозволено и така натаму. Верувам дека одлуката е добра и дека нема ниту една друга општина која опфатила поголем број на луѓе кои се ослободуваат од плаќање на оваа такса. Затоа тој им предлож на советниците да ја донесат одлуката и во иднина да се разговара за колективните станбени згради, доколку нима простпор, доколку е изводливо и во согласност со закон, да се донесе измена на оваа одлука со која ќе бидат опфатени и тие.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со15 гласа „ЗА“ (едногласно) Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Триаесетта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства на Крум Николовски за печатење на монографија за с. Косово Дабје;

Образлагач по оваа точка беше Гоце Попов-Претседател на Совет на Општина Делчево кој рече дека до Советот на Општината е доставено барање од Крум Николовски

за одобрување на средства за печатење на монографија за с.Косово Дабје и предлож сума од 10.000 днари.

Беше отворена расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека неговата дискусија не е во врска со точката, но е во тој контекст и се заблагодари на Советот на Општина Делчево што го помогнале печатењето на монографијата за с.Драмче и истакна дека сите членови ан Советот добиле по 1 примерок и дека се поканети да присуствуваат на промоцијата во сабота со почеток во 18 часот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства на Крум Николовски за печатење на монографија за с. Косово Дабје;

Четиринаесетта точка- Прашања и предлози на членови на Совет.

Зекир Абдулов, До градоначалникот на општина Делчево

1.Дали и кога ќе се постави улично осветлување на ул. „Видое Смилевски-Бато?

Прашањето било поставено на 18.седница одржана на 26.01.2023 година и на истото градоначалникот на општина Делчево има одговорено позитивно. Бидејќи се уште не е поставено улично осветлување, на барање на жители кои живеат таму, повторно го поставува прашањето.

Стефанија Атанасова Јовановски, до градоначалникот и Сектор за урбанизам

1.Кога ќе се санира улица „Гоце Делчев"?

Оливера Ташевска, барање до Градоначалникот и Сектор за урбанизам од граѓани

1.Да се санираат улиците „Првомајска", „Партизанска" и „Пролетерска".

До директорката на ОЈУДГ „Весели цветови"-Делчево

1.Дали Министерството за труд и социјална политика е известено дека градинката во с. Разловци не работи која беше отцворена пред извесно време и зошто не се побарани средства за ослободување од плачање надоместок за престој во детската градинка?

Сунчица Ѓорѓиева, до градоначалникот и Сектор за урбанизам

1.Зошто граѓаните кои живеат на ул. „Маршал Тито" на потегот од хотел „Македонија" па надолу веќе подолг време немаат улично осветлување, односно редовно не се заменуваат светилките?

2. Со цел заштита на животната- средина дали Општина Делчево може да набави садови за рециклирање на пластичниот отпад и да се склучи договор со Пакомак по примерот на други општини во државата?

Иван Гоцевски, до Секторот за финансиски прашања, бара пиисмен одговор

1.Да се доставaт податоци за приходите по основ на комунална такса од улично осветлување од 01.01.2022 до 13.03.2023 година, за секој месец поединечно;

2. Да се доставaт податоци за приходите по основ надомест за уредување на градежно земјиште од 01.01.2022 до 13.03.2023 година, за секој месец поединечно;

3.Да се доставaт податоци за вкупниот број на вработени во општина Делчево ангажирани преку Агенција за привремени вработувања од 01.01.2022 до 13.03.2023 година;

До градоначалникот на општина Делчево

1.Дали градоначалникот има донесено одлука за финансиска нестабилност на општина Делчево?

2. Ако нема донесено таква одлука, како мисли да ја надмине лошата финансиска состојба на општина Делчево (според завршната сметка за 2022 дефицитот е - 4.523.779)?

3. Дали градоначалникот смета дека после неговото заминување од функцијата ќе остави „здрава“ финансиска состојба во општина Делчево?

До Секторот за урбанизам

1.Дали е запазена целосната законска постапка и стандарди при изградба на пристапниот пат до Пречистителната станица во с. Тработивиште? Има сомнежи од мештаните дека при поголем пороен дожд може да дојде до поплавување на нивните имоти (куќи, земјоделски објекти, земјиште)?

2. Дали Секторот за урбанизам и Општина Делчево имаат увид колку товар може да поднесе асфалтот на улиците во с.Тработивиште бидејќи подолго време таму се пренесува дрвна маса од опожарените подрачја.

3. Согласно Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици,да се изврши санација на патот од с.Тработивиште до месноста Свети Води.

4. Дали е точно дека на место викано Стара Кожара според Деталниот урбанистички план се предвидува изградба на фабрика за преработка на хемикалии (тешко загадувачка индустрија) која ќе биде опасност за здравјето на граѓаните на општина Делчево?

Тони Стаменковски, До Секторот за урбанизам и градоначалникот

1.На 23.09.2022 година, од раководителот на Секторот за урбанизам,барав да ми биде доставена копија од ДУП -Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,1 – Кожара, град Делчево, кој ми беше потребен како член на Советот во мојата работа. Од страна на раководителот на Секторот за урбанизам добив одговор дека горенаведениот ДУП е доставен и е на увид на претседателот на Советот на Општина Делчево. Од одговорот не сум задоволен како советник и барам од страна на раководителот на Секторот за урбанизам да ми се достави копија од Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,1 – Кожара, град Делчево.

Ова прашање е доставено и на 19.седница на Советот на Општина Делчево од 24.02.2023 година и се уште немам одговор. Доколку не ми биде доставен одговор ќе морам повторно да побарам вонреден инспекциски надзор.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 21.седница на Советот заврши со работа во 18:40 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов